**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Општина Македонски Брод врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. Весник на РСМ "бр. 101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено со наш бр.15 – 932 од 23.12.2022, доставено од [redacted], донесе:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 21.11.2021год. доставено од [redacted], се одобрува и се даваат следните информации:

- Ве известуваме дека Општина Македонски Брод не ја поседува бараната информација во формат во кој буџетите можат да се преземат од постоечкиот софтвер, кој прикажува само буџетски кодови и нивните суми. Воедно Ве известуваме дека дел од завршните сметки се во прилог на овој меил а другите на поставениот линк. За 2011 и 2012 година нема информации.
- Но, согласно телефонскиот разговор во прилог Ви ги доставуваме бараните информации во оној формат со кој располага Општина Македонски Брод, како и линк од веб страницата **https://www.mbrod.gov.mk/index.php/en/**
-

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted], до Општина Македонски Брод, достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое бара да и бидат доставени информации за приходи и расходи за последните единаесет години, односно од 2011 до 2022 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено во Општина Македонски Брод на 26.12.2022 под број 15-932/2.

Службено лице,
Милка Стаменкоска

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**м-р ЖАРКО РИСТЕСКИ**